**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за животна средина**
**Палата "Емануел Чучков", ул.“Павел Шатев“ бр.2, 5-ти спрат**
**http://www.sei.gov.mk/**

**Решение број ИП1- 09 -11**
**од 20.02.2023 година**

Државниот инспекторат за животна средина, преку водостопански инспектор Тони Димески, со службена легитимација број 06-0015, изврши **редовен** инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Акционерско друштво за производство, трговија и услуги СИНЦЕРИТАС АД Скопје, со деловно седиште на ул.Антон Панов бр.11 ,1000 Скопје, застапувано од Главен извршен директор Роберт Новески , со Записник бр.ИП1- 09 -11 од 16.02.2023 год. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 230 став (2) и член 234 став (2) од Закон за водите (“Службен весник на Р.Македонија“ бр. 87/2008; 6/2009; 161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013; 163/2013; 180/2014; 146/2015;52/2016 и 151/2021) како и член 83 став (2) од Закон за инспекциски надзор (Сл.весник бр.102/2019) го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1) Се **Задолжува** Акционерско друштво за производство, трговија и услуги СИНЦЕРИТАС АД Скопје, со деловно седиште на ул.“Антон Панов“ бр.11 ,1000 Скопје за Подружница СИНЦЕРИТАС Росоман :

- Да го пресмета и уплати надоместокот за наводнување и одгледување на канабис за медицински цели за период до 31.12.2022 год. за вкупно евидентирана и потрошена количина на вода од 12.791,00 м$^3$, на посебна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка (наведена во дозволата).
- Квартално да доставува Извештаи за извршена уплата на надоместокот за наводнување, до Министерство за животна средина и просторно планирање, за период додека важи дозволата, на адреса Плоштад Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје.

- Рок за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1) на ова решение, изнесува **30 (триесет) дена**, од приемот на ова решение .

2) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1) на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, **(t.dimeski@sei.gov.mk)** да го извести и инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

3) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став (1) точка 19), а во врска со член 26,28 и 213 од Закон за водите (Службен весник бр.87/2008; 6/2009; 161/2009;83/2010;51/2011;44/2012;23/2013; 163/2013; 180/2014; 146/2015; 52/2016 и 151/2021) преку Тони Димески водостопански инспектор, со службена легитимација број 06-0015, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Акционерско друштво за производство, трговија и услуги СИНЦЕРИТАС АД Скопје - Подружница СИНЦЕРИТАС Росоман, со деловно седиште на ул. Антон Панов бр.11,1000 Скопје, застапуван од присутното овластено лице Златко Георгиевски со , со адреса на живеење составил Записник бр.ИП1-09-11 од 16.02.2023г. во кој е констатирана следна фактичка состојба:

Во присуство на овластено лице кое го застапуваше правниот субјект Акционерско друштво за производство, трговија и услуги СИНЦЕРИТАС АД Скопје, се спроведе инспекцискиот надзор , во подружница СИНЦЕРИТАС Росоман, се изврши увид на лице место на бунарот од кој се зафаќа вода за наводнување.

Правниот субјект АД за производство, трговија и услуги СИНЦЕРИТАС АД Скопје, во подружницата СИНЦЕРИТАС Росоман ја врши дејноста одгледување на канабис за медицински цели, а потребните количини од вода за наводнување ги обезбедува со црпење и зафаќање од подземно водно тело, бунар ЕБ-1. Водното право според член 26 од Закон за водите е стекнато со Дозвола за користење и зафаќање вода од подземно водно тело-бунар, согласно член 28 од Закон за водите.
На увид беше приложена копија од **Дозвола бр.УП1-11/5 - 472/2021 од 17.08.2021г**. за користење вода од подземно водно тело бунар ЕБ-1,со координати X=4.599.243 и У=7.579.482 на локација на КП бр. 1548 КО Росоман, општина Росоман, за наводнување и одгледување на канабис за медицински цели.
Дозволата е издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање, со рок на важење од 5 (пет) години.

Состојбата со квалитетот на зафатената сурова вода од бунарот која се користи само за наводнување, носителот на дозволата ја следи преку земање примероци на сурова вода од бунарот од страна на овластена-акредитирана лабораторија која за земените примероци на вода од бунарот, согласно Правилник за барање за безбедност и квалитет на вода за пиење (Сл.весник на РМ бр.183/2018) за граничните дозволени вредности, ги утврдува резултатите од микробиолошките и физичко хемиските параметри и доставува Извештаји за квалитетот на суровата вода во бунарот. Извештаите за квалитетот на суровата вода во бунарот се достапни за органот на државна управа надлежен за вршење на работи од областа на животната средина, органот надлежен за безбедност на храна и органот надлежен за здравствена заштита.

За следење на состојбата со количините на зафатената вода од бунарот, носителот на дозволата има вградено мерач-водомер за мерење на исцрпените количини на вода, преку кој се евидентира исцрпената вода и се води евиденција на количините на зафатена вода од бунарот. Последна прочитана состојба на броилото од водомерот согласно евиденцијата е од 06.02.2023 год. и изнесува 14.360 м$^{3}$.

Согласно дел 5 (надомест за користење на водата) од Дозволата со број УП1-11/5 - 472/2021 од 17.08.2021 год. носителот на дозволата Акционерско друштво за производство, трговија и услуги СИНЦЕРИТАС АД Скопје **должен** е да пресметува за користење на водата зафатена од бунарот, надомест за наводнување во висина од 2% од утврдената цена за метар кубен вода на давателот на услугата за снабдување со вода, и да плаќа на посебна наменска уплатна трезорска сметка, што е во согласност со член 213 од Закон за водите .
За период од поставување на водомерот и отпочнување со користење и зафаќање на вода од бунарот заклучно со 31.12.2022 год. вкупно е искористено **12.791,00 м³** вода од бунарот за наводнување и одгледување на канабис за медицински цели, согласно еклектронската евиденција која ја води носителот на дозволата,

Претставникот на субјектот на надзорот не приложи на увид уплатници за извршена уплата на надоместокот за наводнување и одгледување на канабис за медицински цели за периодот до 31.12.2022г. за вкупно евидентирана и потрошена количина на вода од 12.791,00 м³ и не приложи на увид доказ дека има доставено квартални извештаи за извршената уплата, што не е во согласност со барањето во дел 5 од Дозволата број УП1/РА1-11/5-1517/2020 од 11.02.2021 год.

Носителот на дозволата СИНЦЕРИТАС АД Скопје во Подружница Росоман за одгледување на канабис за медицински цели во Росоман, во временскиот период за кој дозволата е издадена, има обврска да постапува согласно условите и обврските кои се утврдени во дозволата.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение според член 230 од делокруг на водостопански инспектор и постапување според член 234 од Закон за водите, незадоволната странка може да изјави жалба против решението според член 240 од Закон за водите.
Жалба против ова решение може да се изјави во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на решението, доставена до Државната Комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, на адреса : Кеј Димитар Влахов бр.4 1000 Скопје.
Според член 37 од Закон за административни такси,тарифа на административните такси за списите и дејствата кај органите на управата на РСМ, за жалба против решение, за тарифен број 2 се уплатува 250 денари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.
Решено во Државен инспекторат за животна средина, со решение број ИП1-09-020 од 20.02.2023 година.

**Тони Димески**
Водостопански инспектор
Бр.лег. 06-0015

Доставено до :
- Архива
- Акционерско друштво за производство, трговија и услуги СИНЦЕРИТАС АД Скопје, ул.Антон Панов бр.11 ,1000 Скопје